**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 07-473/3
Датум: 26.2.2014 г.
С К О П Ј Е

пречистен текст

Врз основа на член 2 и 8од Правилникот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус на студии-докторски студии на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 245/2013),Советот на студиската програма од трет циклус на студии ***метрологија,*** на седницата одржана на 26.2.2014 год. донесе

# Одлука

за износот на трошоците за трет циклус на студии

1. Вкупниот износ на трошоците за студирање (школарина) на студиската програма од трет циклус на студии-докторски студии ***метрологија*** изнесува **4. 550 евра.**
2. Износот на средствата кои студентите запишани на студиската програма од трет циклус на студии-докторски студии по *метрологија* изнесува 3.850 евра, за студиската програма, а се уплаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ на денот на уплатата.
3. Во случја кога студентот одлучи да има коментор тој уплатува дополнителен износ на средства во висина од 250 евра.
4. Советот на студиската програма, ако има потреба, носи посебна одлука за износот на средства за истражувањата што кандидатот треба да ги плати.
5. Покрај средствата утврдени со точка 2 и 3 на оваа одлука, студентот уплаќа 250 евра на Школата за докторски студии и 450 евра за обука за истражување во обем од 30 ЕКТС, организирана од Школата, при што вредноста на еден ЕКТС е 15 евра.
6. Средствата од точка 4 на оваа одлука, во висина од 450 евра се распределуваат на: наставникот по предметите за стекнување генерички знаења-20 евра по студент, на членовите на комисијата за семинарот/годишната конференција-10 евра по кандидат за секој семинар/годишна конференција.
7. Начинот и роковите на плаќање се утврдуваат со Конкурсот за запишување на трет циклус на студии-докторски студии (во натамошниот текст: докторски студии).
8. Износот на средствата утврден со точка 2 на оваа одлука се распределува според посебна одлука што ја донесува Советот на студиската програма.
9. Одлуката да се достави до: Школата за докторски студии, Советот на докторски студии, раководителот, продеканот за финансии, секретарот, сметководството, Сл. за студентски прашања, општата служба и архивата.

Раководител на Советот

Проф. д-р Миле Станковски